**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1003-315/5**
**Скопје, 10.04.2009 година**

**ДО**
**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Агенција за вработување на Република Македонија (во понатамошниот текст Агенција) за 2007 година, кои се прикажани на страните од 9 до 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на Агенција за вработување на Република Македонија за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :
   - Стојче Тапанџиоски - в.д.Директор на Агенцијата за вработување на Република Македонија до 06.05.2007 година и
   - Билјана Јовановска - Директор на Агенцијата за вработување на Република Македонија од 06.05.2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 8, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 03.02.-11.02.2009 и од 16.02.-19.02.2009 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***
________________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 03.04.2009 година, добиени се забелешки на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор заведени под број 03-471/1. Истите беа разгледани и одбиени како неосновани, бидејќи се работи за превземени мерки од субјектот.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го утврди следното:

***11.1. Неправилна примена на акти:***

11.1.1. Агенцијата врши исплата на плати врз основа на Правилник за основите и мерилата за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка и други лични примања и надоместоци на работниците одделно за Централата и поединечните центри, донесени јули 1987 година, кои правилници не се усогласени со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, Законот за исплата на платите, како ни со Правилникот за организација и работа на Агенцијата за вработување на Македонија. Поради неусогласеност со законската регулатива, Агенцијата пресметува и исплаќа плати врз основа на законски и подзаконски акти кои се неважечки, а со примена на критериумите и мерилата за пресметка на нето плата од горенаведените правилници, Агенцијата за исти работни места, за ист вид работи и работни задачи исплаќа различен износ на нето плата (разликата се движи до 10 илјади денари) на вработените во различни центри за вработување.

**Препорака:**
Да се донесе акт за исплата на плати и надоместоци од плата на ниво на Агенција во согласност со постојната законска регулатива.

11.1.2. Во текот на 2007 година со право на паричен надоместок за време на невработеност над 12 месеци се стекнале 1.125 корисници. Пресметката за утврдување на износот на месечното право на надоместок е вршена во

висина од 50 % од просечната нето плата на работникот за последните 24 месеци пред престанокот на работниот однос и тоа за лицата кои имаат право на паричен надоместок до 12 месеци се исплаќале 50%, а за лицата кои имаат право на исплата на надоместок над 12 месеци наместо исплата од 40% од месечното право на надоместокот, се исплаќаат 50 % за првата година, а во преостанатите месеци се исплаќа 40% од просечната нето плата, што не е во согласност со член 68 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Ревизијата констатира дека поради погрешно толкување и примена на Законот, Агенцијата има извршено погрешна пресметка на месечното право, согласно воспоставената пракса на примената на член 68 од Законот, што придонесува незаконска исплата на месечното право на надоместок.

Ревизијата не дава препорака бидеќи донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, согласно кој член 68 се менува и гласи:

*"Висината на месечниот паричен надоместок за време на невработеност се утврдува врз основа на пресметаните и исплатени плати кај работодавачот согласно со закон, колективен договор и договор за вработување и изнесува 50% од просечната месечна нето плата на работникот за последните 24 месеца за лице кое има право на паричен надоместок до 12 месеца, а за лице кое има право на паричен надоместок подолго од 12 месеца, паричниот надоместок за првите 12 месеца изнесува 50% од просечната месечна нето плата на работникот за последните 24 месеца, а за преостанатото време 40% од просечната месечна нето плата."*

### *11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела:*

11.2.1. Со ревизија на побарувањата по основ издаден деловен простор под закуп, ревизијата ги констатира следниве неправилности:

- Агенцијата превземала активности за пропишување на политики (Упатство за сметководствено евидентирање на сите деловни промени) кои предизвикуваат нереално и необјективно прикажување на позициите во Билансот на состојба (други побарувања и обврски во меѓусебните односи спрема фондовите и корисниците кои се однесуваат на издаден деловен простор под закуп), што не е во согласност со Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Ваквата состојба предизвикува двојно евидентирање на побарувањата и обврските во Централата и Центрите за вработување во текот на 2007 година, односно искажување во поголем износ на истите /преценување од 1.157 илјади денари, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите и
- Почетната состојба на наведените позиции (други побарувања и обврски во меѓусебните односи спрема фондовите и корисниците кои се однесуваат на издаден деловен простор под закуп) во известувачкиот период изнесува 23.224 илјади денари за кои на ревизијата не се презентирани веродостојни документи од кои може да се изврши разграничување на наведените позиции и искажување на ефектот од ваквиот начин на двојно евидентирање.

Ревизијата не дава препорака бидејќи во текот на вршење на ревизијата Секторот за финансии и сметководствени работи донесе измена и дополна на Упатството за сметководствено евидентирање на сите деловни промени со примена од 01.01.2009 година.

### *11.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба:*

11.3.1. Во деловните книги на Агенцијата евидентирани се побарувања по основ на склучени договори според Инкубатор програмата за водење на мал семеен бизнис, со старосна структура над три години во износ од 1.741 илјади денари кои согласно Законот за облигациони односи се застарени и не постои законска можност за нивна наплата. За овие побарувања не се превземени мерки за наплата во минати години, од страна на Агенцијата. Непревземањето активности околу наплатата на побарувањата има влијание на целокупноста на реализација на приходите, а неотпишувањето на застарените побарувања влијае на реалното и објективното прикажување на побарувањата во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Агенцијата во координација со Секторот за финансии и сметководствени работи да изврши попис на застарени, ненаплатливи побарувања и дадат предлог за нивно отпишување до надлежниот орган и ја утврдат одговорноста за непревземените мерки.

11.3.2. Воспоставена е пракса на користење на деловен простор сопственост на Република Македонија односно корисник Агенцијата, од правни субјекти закупувачи кои и покрај сознанието дека истите нередовно ги подмируваат обврските за користење на деловниот простор не се превземени потребните мерки за наплата на побарувањата по овој основ и раскинување на договорите, што не е во согласност со Законот за облигационите односи и член 2 од Договорите за закуп на деловен простор. Непочитувањето на законот и одредбите од склучените договори, има за влијание Агенцијата да искаже ненаплатени побарувања во вкупен износ од 5.050 илјади денари од кои побарувања кои потекнуваат од минати години во износ од 4.074 илјади денари и побарувања во текот на 2007 година во износ од 976 илјади денари, што има влијание на целокупноста на реализација на приходите.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Агенцијата да формираат Комисија за утврдување на старосната структура на побарувањата, која во координација со Секторот за финансии и сметководствени работи и Комисијата за издавање на деловен простор под закуп ќе изврши попис на застарени, ненаплатливи побарувања и ќе даде предлог за нивно отпишување до надлежниот орган.
Надлежните органи за управување и раководење со Агенцијата да пропишат политики за обезбедување на побарувањата, нивна навремена наплата и ја утврдат одговорноста за непревземените мерки.

11.3.3. Постои неусогласеност помеѓу позициите Капитални средства и Извори на капиталните средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2007 година во износ од 4.757 илјади денари, што не е во согласност со член 18 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Непримена на основното сметководствено начело на парично искажување во минати години и неизвршеното усогласување на сметките при промената на истите, придонесува билансните позиции искажани во финансиските извештаи да се нереални и необјективни.

**Препорака:**
Секторот за финансии и сметководствени работи да изврши усогласување на состојбата на сметките искажана на ден 31.12.2007 година согласно начелото на парично искажување.

### *11.4. Неправилности на информациониот систем:*

#### *11.4.1. База на податоци за исплата на паричен надоместок по основ на Закон за поттикнување на вработувањето*

- Центарот за вработување Скопје нема извршено ажурирање на податоците за исплата за месец 11/2007 година во базата на податоци, што не е во согласност со Правилникот за обработка, користење и заштита на податоците во информациониот систем на Заводот за вработување на Република Македонија. Ваквата состојба предизвикува податоците за исплата на паричен надоместок по основ на Законот за поттикнување на вработувањето искажани во базата на податоци да не се совпаѓаат со податоците искажани во финансиските извештаи (добиени од сметководствената евиденција) во износ од 293 илјади денари.

#### *11.4.2. База на податоци за исплата на паричен надоместок во случај на невработеност*

- Во базите на податоци не се содржани односно архивирани податоците од Центрите за вработување Охрид, Скопје, Радовиш, Пробиштип и Штип, што не е во согласност со член 4 од Правилникот за обработка, користење и заштита на податоците во информациониот систем на Заводот за вработување на Република Македонија. Ненавремено и нецелосно внесување и архивирање на податоците како и недоволна контрола над истите, придонесува несовпаѓање и несоодветност на податоците на локално и централно ниво;
- податоци за исплата на паричен надоместок по основ на невработеност за стечајни работници, технолошки вишок, загубари, редовен, стечај (од поранешни загубари), реформа на државна администрација, за технолошки вишок - заклучок на Влада 2003 година, надоместок заради засноваање на работен однос на неопределено време по основ-неисплатен дел од надомест (член 72-а) и надомест за обука, прекфалификација или доквалификација, не се совпаѓаат со податоците искажани во финансиските извештаи (добиени од сметководствената евиденција), што не е во согласност со член 2 од Правилникот за обработка, користење и заштита на податоците во информациониот систем на Заводот за вработување на Република Македонија. Разликата произлегува од различниот датум на исплата на средства во однос на датумот на архивирање на податоците, вршењето исплати на надоместоци по Решенија за исплата на надомест како и поврат на средства по Решенија за погрешна исплата врз основа на „рачни пресметки“ без истите да се внесат во компјутерската евиденција.

Некомплетноста и необјективноста на искажаните податоци доведува до несовпагање на податоците за исплатени средства во износ 51.008 илјади денари.

Ревизијата констатира дека базата на податоци за исплатените средства за остварување на правата од вработување и осигурување во случај на невработеност не дава точни, навремени и целосни податоци и информации за бројот, видот и обемот на исплатените средства ниту по корисник ниту во целост.

### *11.4.3. Надомест за вработување на инвалидни лица, средтва за финансирање на активни политики и мерки за вработувања – подршка за вработување (семеен бизнис)*

- Нема база на податоци за надоместоци за исплатените средства по горе наведените основи поради извршени „рачни пресметки" за исплата на средствата (или за истите се води компјутерска евиденција - excel), спротивно на член 2 од Правилникот за обработка, користење и заштита на податоците во информациониот систем на Заводот за вработување на Република Македонија. Поради неевидентирањето на севкупно исплатените средства од страна на Агенцијата, не постојат податоци во базата на податоци за исплатени средства во износ од 118.170 илјади денари.

### *11.4.4. База на податоци за исплата на средства за активни политики и мерки за вработување*

- Центрите за вработување Пробиштип, Тетово, Делчево, Скопје, Струмица, Ресен немаат извршено целосно ажурирање на податоците за исплата во базата на податоци, што не е во согласност со Правилникот за обработка, користење и заштита на податоците во информациониот систем на Заводот за вработување на Република Македонија. Ваквата состојба предизвикува податоците за исплата на средства за активни политики и мерки за вработување искажани во базата на податоци да не се совпаѓаат со податоците искажани во финансиските извештаи (добиени од сметководствената евиденција) во износ од 2.562 илјади денари.

**Препорака:**
Агенцијата да превземе мерки за донесување и воспоставување на соодветни пишани процедури и тоа:
- во однос на апликацијата за финансиско сметководствено работење во делот на затварањето на деловните книги на крајот на фискалната година, со што ќе се оневозможи регистрираните податоци во деловните книги да се менуваат и надополнуваат,
- во однос на евидентирањето на податоците врз основа на кои се врши исплата на надоместоците во случај на невработеност како и на средства за финансирање на активни мерки и политики за вработување, со воспоставување на контрола врз внесот и архивирањето на податоци, со што би се избегнала можноста од случајни и намерни грешки, а воедно ќе се овозможи следење на реалната исплата на средствата за надоместоци по корисник и во целост.

Агенцијата да превземе мерки и во однос на:
- секој запис (за исплата на надоместок) да содржи коплетни податоци;
- повратот на средства по основ на погрешни исплати (или друг вид на промени) да се евидентираат во базата на податоци по корисник;
- архивирањето на пресметката за исплата на паричниот надоместок и средства за финансирање на активни мерки и политики за вработување во центрите за вработување да се врши навремено и
- целокупната исплата на средствата за парични надоместоци да се врши врз основа на претходно изработени компјутерски пресметки во базата на податоци, архивирани веднаш по нивната изработка.

12. Ние не извршивме ревизија на компонентата Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување од финансиските извештаи за 2007 година на Агенцијата за вработување на Република Макеоднија, истата ке биде предмет на наредна ревизија.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 11.2 и 11.3 финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Агенцијата за вработување на Република Македонија на ден 31 Декември 2007 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење освен за изнесеното во точките 11.1. до 11.4. кај Агенција за вработување на Република Македонија остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

15. Во тек се повеќе судски постапки, чиј исход ќе има влијание на билансните позиции на Билансот на состојба на Агенцијата и тоа:

- судски постапки во кои тужител е Агенцијата и тоа: 4 судски постапки по основ на остварување на правата од осигурување во случај на невработеност во вкупен износ од 72 илјади денари, 23 стечајни постапки по основ на поднесени пријави на побарувањата од Агенцијата во својство на стечаен доверител, по основ на неплатен придонес за вработување во вкупна вредност од 26.070 илјади денари и 1 судска постапка во вредност од 2.519 илјада денари по основ на доделени средства и неисполнување на договори и

- судски постапки во кои тужена страна е Агенцијата, и тоа: 12 работни спорови за кои во моментот на поднесување на тужбата не е одредена вредноста на спорот и 4 судски спорови по основ на остварување на правата од осигурување во случај на невработпеност (паричен надоместок, придонеси за пензиско и инвалидско осигурување и придонеси за здравствено осигурување) од кои 2 постапки се во вредност од 141 илјада денари, а за 2 постапки во моментот на поднесување на тужбата не е одредена вредноста на спорот.

16. Во врска со Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2006 година, ревизијата утврди дека за констатациите изнесени во точките 11.1.1, 11.2.4, 11.2.5, 11.3.1. и 11.4.2. и дадените препораки по истите, од страна на субјектот се превземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности.

17. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Агенцијата во текот на ревизијата:
    - Во текот на вршење на ревизијата извршени се корекции на одделни позиции искажани во финансиските извештаи за 2007 година, поради сметководствени грешки кои што субјектот ги прифати и евидентира во деловните книги и финансиски извештаи под 31.12.2007 година, кои што како ефекти од ревизијата ја намалуваат вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2007 година за 1.042 илјади денари. Исправките се спроведени со налог за книжење број 0313/12 од 31.12.2008 година.

Скопје, 06.04.2009 година

Овластен државен ревизор,

**Агенција за вработување на Република Македонија**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Даночни приходи | 1,523,589 | 1,370,812 |
| Неданочни приходи | 12,355 | 11,040 |
| Трансфери и донации | 3,610,233 | 4,645,103 |
| **Вкупно приходи** | **5,146,177** | **6,026,955** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 155,328 | 156,746 |
| Стоки и услуги | 69,260 | 73,095 |
| Субвенции и трансфери | 0 | 14 |
| Социјални бенефиции | 4,836,141 | 5,685,380 |
| **Вкупно тековни расходи** | **5,060,729** | **5,915,235** |
| **Капитални расходи** | 1,741 | 4,552 |
| **Вкупно расходи** | **5,062,470** | **5,919,787** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | **83,707** | **107,168** |

**Агенција за вработување на Република Македонија**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 83,442 | 97,906 |
| Побарувања | 24,935 | 33,014 |
| Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување | 4,745 | 5,030 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 9,959 | 9,216 |
| Активни временски разграничувања | 382,308 | 439,258 |
| Залихи | 356 | 709 |
| **Вкупно тековни средства** | **505,745** | **585,133** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | |
| Капитални (материјални) средства | 163,754 | 176,499 |
| Природни богатства | 7,933 | 7,933 |
| Материјални средства во подготовка | 239 | 239 |
| Долгорочни пласмани | 227 | 692 |
| **Вкупно капитални средства** | **172,153** | **185,363** |
| **Средства на резервата, солидарноста и за други намени** | **1,399** | **1,399** |
| **Вкупна актива** | **679,297** | **767,895** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 7,577 | 7,205 |
| Краткорочни обврски по резерви | 362,759 | 420,764 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 237 | 269 |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 29 | 10 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 11,849 | 11,118 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 23,404 | 21,672 |
| Пасивни временски разграничувања | 92,986 | 112,553 |
| Обврски по краткорочни кредити и заеми | 1,790 | 2,075 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **500,631** | **575,666** |
| **Извори на капитални средства** | | |
| Извори на капитални средства | 177,267 | 190,830 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | **177,267** | **190,830** |
| **Извори на средства на резервата, солидарноста и за други намени** | **1,399** | **1,399** |
| **Вкупна пасива** | **679,297** | **767,895** |

**Агенција за вработување на Република Македонија**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **189,428** | **1,402** | **190,830** |
| **Зголемување по основ на:** | **2,344** | **2,477** | **4,821** |
| Набавки | 2,344 | 2,477 | **4,821** |
| Вишок по попис | | | |
| **Намалување по основ на:** | **14,505** | **(3,296)** | **11,209** |
| Потрошок | - | (2,734) | **(2,734)** |
| Расход по попис | (4,935) | | **(4,935)** |
| Отпис | 4,600 | - | **4,600** |
| Корекции по ревизија од претходна година | - | (562) | **(562)** |
| Пресметана амортизација | 14,840 | - | **14,840** |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **177,267** | **7,175** | **184,442** |

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***
**1006-315/12**
***С к о п ј е 07.05.2009 година***

Врз основа на член 23 став 6 од Законот за државна ревизија (“Сл. весник на РМ” бр. 65/97, 70/01, 31/03, 19/04, 70/06 и 133/07), постапувајќи по добиениот Приговор по Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2007 година на Агенција за вработување на Република Македонија заведен под број 1005-315/11 од 24.04.2009 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесе следното:

# *Р Е Ш Е Н И Е*

***По поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот поднесен на точката 11.4.3. од конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2007 година на Агенција за вработување на Република Македонија, **делумно се прифаќа**.

2. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај претставува прилог на конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2007 година на Агенција за вработување на Република Македонија, поднесен е приговор бр. 1005-315/11 од 24.04.2009 година.

Образложението за делумно прифаќање на приговорот по наведената точка е следното:

1. Упатениот приговор на точката 11.4.3. од Конечниот извештај, а кој се однесува на констатацијата дека во базата на податоци не постојат податоци за исплатени средства во износ од 118.170 илјади денари по основ на надомест за вработување на инвалидни лица, средства за финансирање на активни политики и мерки за вработувања – подршка за вработување (семеен бизнис), **делумно се прифаќа.** Во периодот на извршување на ревизијата, правниот субјект не презентираше уредни и веродостојни податоци со кои ќе се потврди постоењето и функционирањето на соодветни датотеки односно бази на податоци согласно член 2 од Правилникот за обработка, користење и заштита на податоците во информациониот систем на Заводот за вработување на Република Македонија. По добиениот приговор и повторниот увид се утврди дека е инсталиран софтвер-програма за евиденција и контрола на податоците за доделување на неповратни средства од Посебниот фонд во износ од 111.488 илјади денари. Констатацијата дека во базата на податоци не постојат податоци за исплатени средства во износ од 6.683 илјади денари по основ на надомест за вработувања – подршка за вработување (семеен бизнис), останува со што

износот во точката 11.4.3. од конечниот извештај од 118.170 илјади денари се менува и гласи 6.683 илјади денари.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Скопје, 05.05.2009 година

**Главен државен ревизор**
**Тања Таневска**